I

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

11-1029/2
16-05-2022

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**Заклучни согледувања од Јавната дебата**
**“Измена на регулативата за урбанистичко планирање – потреба или ризик од корупција“ одржана на ден 16 февруари 2022 година**

На ден 16 февруари 2022 година, преку ZOOM комуникациската платформа во организација на Државната комисја за спречување на корупцијата се одржа јавна дебата на тема “Измена на регулативата за урбанистичко планирање – потреба или ризик од корупција“.

На јавната дебата свои обраќања имаа, Билјана Ивановска – Претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата, Благој Бочварски – Министер за траспорт и врски, Насер Нуредини – Министер за животна средина и просторно планирање, Андријана Андреева – директор на Агенцијата за планирање на просторот, Данела Арсовска – Претседател на ЗЕЛС, Слаѓана Тасева – Претседател на Транспаренси Интернешнал Македонија, Мишко Ралев – Претседател на Асоцијацијата на архитекти како и преставници на граѓански оргнизации.

Претседателот на ДКСК г-ѓа Билјана Ивановска истакна дека, согласно досегашните препораки и ставови на ДКСК, законската регулатива од областа на просторното и урбанистичкото планирање генерира висок ризик од корупција.

ДКСК нотираше дека преку изготвената Анализа на правната рамка во областите на просторното планирање, урбанизмот и градежништвото, утврдена е недоволна синхронизираност на законите.

По однос на Законот за урбанистичко планирање констатирано е дека содржи многу широка дискреција и ризик од злоупотртреба на одредбите кои се двосмислени и остава простор за лобирање. Законот содржи одредби со кои целосно се исклучени било какви гаранции за квалитет, немање на механизми за контрола над работењето на општините, предложени се измени со кои се става дополнителен трошок во буџетот на општините и воедно остава простор за притисоци и влијанија како и маргинализација на граѓанскиот сектор.

Таа нагласи дека е конснатирана нетранспарентност во работата на локалната власт во областа на урбанизмот како и на Министерството за транспорт и врски.

Дополнително, утврдено е дека постои недоволна транспарентност и недефинираност на постапките за изработка и донесување на урбанистичките планови и постои недоволна ангажираност на Инспекциските служби како на централно така и на локално ниво.

Министерот за транспорт и врски истакна дека дтавот на Министерството за транспорт и врски, во однос на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, е дека постоечкото законско решение предвидува

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk